INTERNATIONAL GUITAR FESTIVAL-KRUSHEVO

XV P.S. GUITAR FEST 2024

## ПРОГРАМА

**1.Julia Florida-Agustin Barrios Mangore**
**2.Spanish Dance no.5-Enrique Granados**
**3.Туѓина -Трајко Прокопиев**
**4.Горо ле горо-Д.Шуплевски**
**5.You Raise Me Up-J.H.Davis**
**6.Can't Help Falling in Love**
**7.Las Mananitas**
**8.You Are My Sunshine**
**9.Љуби ме и главата горе**
**10.Бакни ме**

## БИОГРАФИЈА

ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ-вонреден професор на Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија; Основното и Средното музичко училиште го завршил во родниот град во Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов" - Штип.

Студиите ги продолжил на отсекот за класична гитара на Факултетот за музичка уметност, при универзитетот Св."Кирил и Методиј", во Скопје, во класата на проф. Војислав Ивановиќ, а ги завршува во класата на проф.Тања Јанкова, каде што и магистрира.

Моментално е редовен проф. по гитара во ДМУЦ "Сергеј Михајлов" –Штип,и работи како хонорарен професор со насловно звање вонреден професор на -Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија;

Бил предавач на Семинарот за класична гитара, под покровителство на "Струмица Опен фестивал" 2014,2015,година;

Земал активно учество во прокетот: „Music Entertaiment" – во Француска продукциска куќа, во рамките на МРТВ;Како солист и камерен музичар Лазаревски има настапувано на повеќе концерти, а дел од нив се: во квартет состав во 2023 год. има настапувано во, "Македонска филхармонија-Камерна Сала" -Скопје, Концерт во "Офицерски Дом"-Битола, Концерт на Штипско Културно Лето во "УГ Безистен" -Штип.

Концерт на „Гитар фест" - Крушево, Дуо две класични гитари со женскиот младински хор „Менада" 2024, Спомен куќа - Тодор Проески .

Солистички концерти во НУЦК"Никола Јонков Вапцаров" Делчево во 2023,Ликовен салон во Велес и ОУК „Дом на млади" - Штип во 2021 година; Солистички концерт во НУЦК "Ацо Шопов"- Штип ,2022,2024 година; камерни концерти, дуо гитара со Горан Тонев во НУЦК „Антон Панов" - Струмица и ОУК „Дом на млади" - Штип во 2021 година. Има настапувано како солист и на Интернационалниот фестивал за гитара „Тремоло", КИЦ „Салон 19:19" - Скопје во 2017 година. Тој исто така има настапувано и со камерниот состав „Класична гитара и кларинет" со Иле Колев на „Штипско културно лето" во 2014 година, во Ликовниот салон – Велес во 2015 година, „Радовишко културно лето" во 2013 година. Како член на камерниот состав „Дуо гитари" со Виктор Пешчеров има настапувано на "Skopje Guitar Festival" во Скопје, во Сала „Фросина" при МКЦ во 2015 година, како и концерт во "Horten Kulturskole" во Хортен, Норвешка во 2022 година.

Менада е женски младински хор од Тетово кој е формиран во 1981 година. На репертоарот хорот има околу 300 композиции од ренесансата преку класика, современи композиции, македонски музички фолклор и евергрин композиции. Македонските композитори посветиле голем број на свои дела за хорот "Менада".Хорот е редовен учесник на Хорскиот фестивал "Техо", "Скопско лето" и "Охридско Лето". Хорот "Менада" учествувал на фестивали и конкурси во Холандија, Данска, Бугарија, Чешка, Германија, Србија, Грција, Словенија, Полска, Турција, Шпанија, Шведска, Италија, Албанија, Австрија, Романија, Португалија и др. Хорот освоил на меѓународни натпревари: прва награда во Добрич, Бугарија (1996); прва и втора награда во Гисен, Германија (1997); две втори награди во Литомишол, Чешка (1995); една втора и една трета награда во Превеза, Грција (1996, 1998); втора награда во Цеље, Словенија (1987); две први награди како и Гранд При на Фестивалот во Бад Ишл, Австрија (2001); и Меѓународна награда на Берлинскиот Хорски Фестивал 2001 година

Хорот има повеќе настапи со Македонската Филхармонија и има издадено повеќе аудио и ЦД записи, хорот е добитник на "19 Ноемвриска", награда на град Тетово, како и наградата "Кирил Пејчиновиќ".

Основач на хорот е д-р Ивица Зориќ и за својата работа добитник е на награди за диригент во Полска, Србија, Бугарија, Грција, на фестивалите во Македонија, како и највисоката државна награда "11 Октомври" во 2005 година.

Горан Тонев е роден на 26ти август 2000 година. Основното училиште го заврши во ОУ ,, Ванчо Прќе" Штип. Своето школување по класична гитара го започна на својата 8 годишна возраст во нижото музичко училиште ,,Сергеј Михајлов" -Штип.
Уште во првата година од своето школување учествуваше на државниот натпревар по класична гитара во Скопје каде освои трета награда. Наредната година на истиот натпревар учествува во камерен состав со кој им е доделено второто место . Во меѓувреме настапува по многу јавни часови и концерти . Во 2012 година Горан Тонев добива втора награда на државниот натпревар во Скопје.
Во 2013 година кај професорот Дејан Лазаревски освои втора награда на меѓународниот натпревар во Аранѓеловац-Србија.
Во 2014 година добива втора награда на државниот натпревар во Скопје, а во 2014 година доби Специјална прва награда исто така на државниот натпревар во Скопје.
Во 2015 година добива прва награда, а во 2016 година добива Специјална прва награда на државниот натпревар во Скопје.
Во 2017 и 2018 годината исто така е добитник на прва награда на државниот натпревар во Скопје.
Во мај 2018 настапува како солист со оркестарот на ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов"- Штип.
-2021, ОУК Дом На Млади Штип , Целовечерен Камерен концерт , Дејан Лазаревски и Горан Тонев
-2021, НУЦК Антон Панов Струмица , Целовечерен Камерен концерт , Дејан Лазаревски и Горан Тонев
-2021, УГД Музичка Академија ,настап на камерен концерт , Дејан Лазаревски и Горан Тонев
-2022, НУЦК "Антон Панов" Струмица , Целовечерен Камерен концерт , Дејан Лазаревски и Горан Тонев
2022, УГД Музичка Академија ,Концерт во УГ Безистен Штип
Во 2019 го завршува средното музичко учулиште .
Диплонира 2023 год. на класична Гитара на Музичката Академија на УГД - Штип.